# Моќта на
# **Духовната Интелегенција**

Тони Бузан

# посвета

*Моќта на духовната интелигенција* искрено и топло им ја посветувам на Лесли и Тери Биаз; мојата мајка, Џоан Бузан; Лорејн Гил, Ванда Норт, Ники и Стрил Опенхајмер, д-р Петит Рау, Каролин Шот и Карол Тонкинсон, поради нивната духовна помош во мојот живот и за нивната посветеност и напорна работа за создавањето на оваа мала книга и во остварувањето на гигантскиот сон.

Наслов на оригиналот

**The Power of Spiritual Intelligence: 10 ways to tap into your spiritual genius**

Tony Buzan

Copyright © Tony Buzan

Translation Copyright © 2010, за македонското издание, ИКОНА

Превод од англиски: Елена Кузмановска

Лектура: Јасминка М. Јанева

Графичка подготовка: ИК Икона

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN 978-608-221-021-6

# Моќта на
# **Духовната Интелегенција**

Тони Бузан

ikona

# содржина

**вовед**: пат кон рајот
**10**
**глава еден**: да се согледа „големата слика“
**32**
**глава два**: истражување на вашите вредности
**54**
**глава три**: вашата животна визија и цел
**68**
**глава четири**: **сочуство -** да се разберете себеси и другите
**78**
**глава пет**: **давајте и примајте!** милосрдие и благодарност
**94**
**глава шест**: моќта на смеата
**118**
**глава седум**: кон детското игралиште
**134**
**глава осум**: моќта на ритуалот
**150**
**глава девет**: мир
**166**
**глава десет**: љубовта е сè што ви треба!
**182**

# признанија

Уште еднаш благодарам на мојот тим од најдобриот бестселер *Главата на прво место* кој уште еднаш успеа со *Моќта на духовната интелигенција!* На мојот овластен уредник Карол Тонкинсон; мојот уредник, Шарлот Ридингс, мојот уметник и илустратор, Алан Буртон; Пол Редхед; Тоби Вотсон; Тим Брн; Ивет Коулес; Џо Лал; Меган Слајфилд; Џеки Колтон; Ајслин Мекормик; и новиот член на нашиот тим, Ариел Кан. Уште еднаш ви влагодарам што застанавте „на рамениците на гигантите“ - вашите раменици!

пат кон рајот

# вовед

**Ние не сме човечки битија**
**кои доживуваат спиритуално искуство;**
**ние сме духовни битија**
**кои доживуваат човечко искуство.**

(Тејар де Шарден)

Дали сте вие духовна личност? Многу луѓе го мешаат духовното со религиозното, но тоа се две многу различни нешта. Кога сте духовно интелигентен станувате многу посвесен за „големата слика“ - за вас лично и за Универзумот, како и за вашето место и вашата цел во него.

Многумина сметаат дека духовната интелигенција е најважната меѓу повеќето наши интелигенции и има моќ да го трансформира вашиот живот, цивилизизацијата, планетата и курсот на историјата. Во *Моќта на духовната интелигенција* јас

ќе ја истражувам природата на духовноста и ќе ви покажам како да ја развиете оваа прекрасна интелигенција. Ќе успеете да ги развиете вашите лични вредности - концептите како вистината и чесноста - и ќе се зафатите подобро да се разберете и да се запознаете самите себе, а потоа ќе посегнете, ќе учествувате и ќе ѝ помогнете на заедницата, пошироко.
Со малку среќа, развивањето на Вашата Духовна Интелигенција ќе ви дозволи да ја видите полесната и посмешна страна на работите и да ги зачувате квалитетите како ентузијазам, веселост, енергија и упорност, кои се карактеристични за децата. И не само тоа - ќе ви покажам како да го зголемите вашиот внатрешен мир и силата, и така ќе станете поспособни да го контролирате и да го намалите стресот кој често ги разорува нашите модерни, напорни животи.

Прво, би сакал да ви раскажам за мојата лична духовна кариера и како дознав дека постои такво нешто како што е *духовната интелигенција*.

Две приказни ја раскажуваат таа сказна:

## Приказна 1: Чоколатца, чистота на душата и поткуп!

**Кога бев млад тинејџер почнав да ги поставувам „големите прашања“, како, кое е значењето на животот? Зошто има толку многу страдање во светот? Имаат ли животните емоции? Зошто умираме? Која е поентата да се биде чесен и добар? Има ли други планети на кои има живот? Колку е голем Универзумот и каде е неговиот крај? И така натаму. Моите другари и јас мислевме дека би можеле да добиеме некои одговори одејќи в црква, во неделно училиште, па тоа и го правевме, посветено.**